Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл. весник на РМ” бр. 58/00 и 44/02) и член 24 и 26 од Законот за основно образование („Сл. весник на РМ” бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 63/04, 82/04, 55/05, 81/05, 113/05, 35/06, 70/06 и 51/07), министерот за образование и наука донесе наставна програма по изборниот предмет *унапредување на здравјето* за VI одделение на основното осумгодишно образование, односно за VII, VIII или IX одделение за деветгодишното основно образование.

## НАСТАВНА ПРОГРАМА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗДРАВЈЕТО

ИЗБОРЕН ПРЕДМЕТ

ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, 2008

# 1. ВОВЕД

Наставниот предмет *унапредување на здравјето* е изборен предмет за учениците во деветгодишното основно училиште. Наставниот предмет им се нуди на учениците во третиот период на основното училиште во VII, VIII или IX одделение. Неделниот фонд часови за предметот изнесува по 2 (два) часа во неделата, односно 72 часа во текот на учебната година.

Наставниот предмет *унапредување на здравјето* се темели на глобалниот концепт за здравјето како целина од физичкото, менталното, социјалното здравје (преку уверувањата, ставовите и однесувањето на поединецот (како дел од заедницата, како и можностите на средината), а подразбира и активно учество на секој поединец во неговото создавање. Со други зборови, тоа значи компетентно и лично вклучување на ученикот/ученичката во креирањето на здравиот животен стил, со свесност за сопствените потреби, за навиките, за културните особености и за можностите (сопствените и оние на заедницата) да учествува во тој процес.

Градењето на здрав животен стил во контекстот на новиот концепт за здравјето и новите стратегии за негово унапредување предвидува активно учество на поединецот (ученикот) во повеќе процеси: од процесот на информирање, дискусиите за значењето, разгледувањето и изборот на алтернативите, одлучувањето за стратегиите, преземањето акции, надминувањето на можните пречки итн. Во таквиот акционен контекст донесувањето одлуки за себе и за своето окружување ја даваат клучната компонента. Тоа се нарекува учење да се биде компетентен за делување во сферата на унапредување на здравјето и социјалното окружување, како и да се преземаат акции со хуманитарен карактер.

Наставниот предмет *унапредување на здравјето* се реализира преку проекти што ги избираат учениците.

**ЗАБЕЛЕШКА:**

**Согласно динамиката за воведување на девтгодишното основно воспитание и образование наставната програма за учениците во VI одделение на осумгодишното основно училиште од учебната 2008/09 година е еквивалентна на наставната програма за VII,VIII или IX одделение на деветгодишното осдновно училиште.**

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ЗА VII, VIII ИЛИ IX ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот/ученичката:

- да се оспособува за делување во сферата на унапредување на здравјето;
- да стекнува знаења за холистичкиот концепт на здравјето;
- да се оспособува да прави разлика меѓу традиционалниот и хуманистички приод во здравственото образование;
- да умее да селектира тема за истражување, да направи план на истражувањето и да ги сумира и презентира податоците од истражувањето;
- да умее да подготви проект од областа на унапредување на здравјето;
- да се поттикнува на хуманитарно ангажирање во заедницата;
- да се оспособува да соработува и работи во тим;
- да се поттикнува на подигање на квалитетот на живеење, за унапредување на личното и социјалното здравје и здравото окружување во училиштето и во локалната заедница;
- да се оспособува да ги користи услугите и да соработува со институциите што се занимаваат со проблеми од областа на здравјето, здравото окружување и задоволување на потребите на разни специфични групи.

## 3. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| **КОНЦЕПТ ЗА ЗДРАВЈЕТО – 12 часа** | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:** | | | |
| - да се запознава со холистичкиот принцип на здравјето (како состојба на комплетна физичка, психичка и социјална благосостојба). | Што е здравје? | Здравје | Работилница: **Што е здравје?** Учениците се делат во групи од 4 до 5 члена. Секоја група добива задача да ги запише на лист своите размислувања за едно од прашањата:<br>• Што е здрава личност?<br>• Што е здраво семејство?<br>• Што е здраво училиште?<br>Потоа секоја група ги презентира своите размислувања пред другите. По секоја презентација се дискутира за прашањето: Дали другите имаат нешто да дополнат? Дали има спротивставени ставови? |
| - Да се запознава со врските меѓу менталното, емоционалното, социјалното и физичкото здравје и последиците од нарушениот сооднос на | Поврзаност: здравје-чувства-мисли- социјално однесување | Ментално и емоционално здравје<br>Социјално и физичко здравје | - Презентирање на поимите: ментално, емоционално и социјално здравје.<br>- Дискусија за поврзаноста на овие компоненти.<br>- Фото бура:<br>- Учениците се делат во 4 групи. Секоја група добива по еден голем лист хартија, маркер и фотографија од момче или девојче. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| овие компоненти. | | | Фотографијата ја лепат во центарот на хартијата. Нивната задача е да запишат на хартијата што мислат за детето од фотографијата: дека размислува, чувствува, со кого се дружи? Ги запишуваат сите идеи.<br>- Следува дискусија. |
| - Да ги согледува влијанијата на семејството, училиштето, општествената заедница и природната околина врз здравјето на единката. | Влијание на средината врз здравјето | Извори на влијание врз здравјето | - Мапирање на изворите на влијание врз здравјето – условите во средината. |
| - Да се запознава со начините како јавното здравство и социјалната политика влијаат на подобрување на здравјето | Кои институции се грижат за нашето здравје и како?<br>Како да ги остварам моите права за зачувување на здравјето. | Право на здравствена заштита | - Начини на унапредување на здравјето – истражување на документи и улогите на институциите и презентирање на ѕидни постери. |
| - Да се запознава со здравите начини на однесување и да ги разликува од ризичните начини на однесување;<br>- да прифаќа дека има лична  одговорност во донесување одлука за консумирање дроги и други психотропни супстанци. | Ризични однесувања кои го загрозуваат здравјето | Ризични однесувања- пиење алкохол, пушење цигари, користење на дрога, ризични сексуални односи | - Дискусија: Што е ризично однесување? Кои се причините, а кои последиците од ризичното однесување?<br>- Дебата за влијанието на единката (личната одговорност) врз сопственото здравје. |

| ПРИНЦИПИ НА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗДРАВЈЕТО – 8 часа | | | |
|---|---|---|---|
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>- да се запознае со традиционалниот и хуманистичкиот приод во здравственото образова-ние;<br>- да се оспособува врз основа на однесувањето (сопственото и на други) да развива стратегии за унапредување на здравјето. | Традиционален и хуманистички приод во здравственото образование<br><br>Стратегии за унапредување на здравјето | Традиционален и хуманистички приод во здравственото образование<br><br>Стратегии за унапредување на здравјето | Играње на улоги според сценарио за двата концепти за здравјето – хуманистички и традиционален.<br><br>Поставување на цели и планирање – како основи на правење на стратегија за унапредување на здравјето. |
| - Да се оспсобува да ги открива потенцијалите за унапредување на здравјето на семејството, училиште-то и пошироката заедница. | Потенцијали за унапредување на здравјето | Потенцијали за унапредување на здравјето | Дискусија - Како може да влијаеме на својата средина? Како настануваат промените? Како да учествувам во правењето позитивни промени? Пишување есеј. |

| **КОМПЕТЕНТНОСТ ЗА АКЦИЈА – 16 часа** | | | |
|---|---|---|---|
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| Ученикот/ученичката: | | | |
| - да се оспсобува да ги идентификува проблемите од подрачјето на унапредување на здравјето, какви се нивните карактеристики и кои се можностите за нивно решавање. | Компоненти на компетентност за акција (знаење, посветеност, визија и искуство на акција) | Знаење<br>Посветеност<br>Визија и<br>Искуство од акција | - Бура на идеи за проблеми поврзани со здравјето.<br>- Дискусија за нив преку прашањето:<br>· Зошто е ова важно за мене/нас?<br>· Што можам и сакам да направам? |
| - Да се оспособува да селектира проблем од унапредувањето на здравјето којшто е актуелен за него и за неговата околина;<br>- да се оспсобува да постави цели на истражувањето на избраните проблеми;<br>- да се оспсобува да направи план на истра-жување (што, како, кога ќе се истражува);<br>- да се оспособува да ги предвиди пречките и да најде стратегии за нивно надминување;<br>- да се оспсобува да ги сумира, анализира и презентира податоците од истражувањето;<br>- да се оспособува да иницира конкретна промена и да презема чекори за нејзина реализација (промена на животен стил, подобрување на условите во училиштето, подобрување на условите што се ризични по здравјето во регионот, вклучување на лицата со специфични потреби во одделни сегменти на животот);<br>- да се оспособува да направи проценка на реализираните активности. | Селекција<br><br>Истражување<br><br>Акција<br>Промена | Селекција<br><br>Истражување<br><br>Акција<br>Промена | - Правење на приоритети. Избор на проблем-тема.<br>- Консултирање на литература и истражувања од обласса.<br>- Поставување на истражувачки прашања.<br>- Избор на ресурси и методи за истражување.<br>- Спроведување на истражување.<br>- Обработка на податоци од истражување.<br>- Презентирање на податоците од истражување.<br><br>- Определување на цел за акцијата.<br>- Правење план за акција.<br>- Спроведување на акцијата.<br>- Дискусија и вреднување на промените. |

| **УЧЕНИЧКИ ПРОЕКТИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗДРАВЈЕТО – 36 часа** | | | |
|---|---|---|---|
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| **Ученикот/ученичката:** | | | |
| - да учествува во сите фази на ученички проект за унапредување на здравјето (селекција, истражување, акција и промена). | Ученички проекти за унапредување на здравјето | Ученички проект | Во рамките на една паралелка учениците избираат најмногу две теми (или два до три аспекти на една тема) на која работат проект за унапредување на здравјето. |

| ПРЕВЕНЦИЈА ОД ХИВ/СИДА/СПИ | | | |
|---|---|---|---|
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| Ученикот/ученичката:<br>- да се запознае со фактите за ХИВ/СИДА како личен, општествен и светски проблем;<br>- да се здобие со знаења за ХИВ – инфекцијата, болеста СИДА;<br>-да ги разликува ризичното и сигурното однесување;<br>- да го разбере значењето на ХИВ тестирањето и можностите за превенција од инфекција со ХИВ;<br>- да се здобие со информации за сексуално преносливите инфекции (СПИ);<br>- да ја сфаќа важноста на превенцијата (заштита) од СПИ;<br>- да изградува и застапува свои ставови за здрав сексуален живот, за одговорно /ризично однесување и превенција од ХИВ/СИДА/СПИ. | Дефиниции за репродуктивно и сексуално здравје<br><br>Факти за ХИВ/СИДА<br><br>Превенција од ХИВ/СИДА<br><br>Факти за најчестите сексуално преносливи инфекции<br><br>Превенција од сексуално преносливи инфекции (СПИ) | Епидемија<br><br>ХИВ-вирус<br>Патишта на пренос<br>Инфекција<br>СИДА<br>ХИВ тест<br><br>Сексуално преносливи инфекции<br><br>Генитални вошки<br><br>Бактериски инфекции<br><br>Инфекции од протозои<br><br>Вирусни инфекции | Истражување<br>Истражување за информираноста на учениците за превенција од ХИВ/СИДА/СПИ.<br>- Разговори за репродуктивното и сексуалното здравје.<br>- Оспособување за јавно и отворено говорење или пишување за сексуалноста, репродукцијата и фактите за ХИВ/СИДА/СПИ.<br>- Разгледување на разновидни материјали: цртежи, графофолии, фотографии; видео и ТВ-филмови за ризиците и последиците од ХИВ/СИДА /СПИ.<br>- Користење дополнителни извори на информации (литература, помош од експерт, Интернет).<br><br>Акција<br>- Изработување на план за активноста (содржина, цели, задолженија, рокови).<br>- Анкетирање и интервјуирање на учениците за нивната информираност за превентивните мерки од ХИВ/СИДА/СПИ.<br>- Обработка на резултатите и изработка на приказ за презентација.<br>- Презентирање на резултатите од истражувањето.<br>- Изработка на информативно пано, ѕиден информатор, флаери, брошури за превенција од ХИВ/СИДА/СПИ.<br>- Разговори за идеи за продолжување на истражувањето/акцијата. |

| ПРЕВЕНЦИЈА ОД ТУБЕРКУЛОЗАТА | | | |
|---|---|---|---|
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| Ученикот/ученичката:<br>- да се запознае со фактите за туберкулозата (ТБ) како личен и општествен проблем;<br>- да се здобие со знаења за туберкулозата како тешка инфективна болест;<br>-да ги сфаќа причините и последиците од туберкулозата;<br>- да ја разбере важноста на навременото откривање и на целосното излекување од туберкулоза;<br>- да ја сфаќа важноста на превенцијата (заштита) од ТБ;<br>- да изградува ставови за здрав живот и да применува мерки за превенција туберкулоза. | Факти за туберкулозата<br><br>Превентивни мерки од туберкулозата | Епидемија<br><br>Туберкулозна бактерија<br><br>Патишта на пренос<br><br>Инфекција<br><br>Превентивни мерки<br><br>Вакцинација | Истражување:<br>Истражување за информираноста на учениците за превенција од туберкулозата.<br>- Разговори за ризиците и превентивните мерки од туберкулозата, избор на содржина на проектот.<br>- Оспособување за јавно искажување на сопствен здравствен проблем -туберкулозата.<br>- Разгледување на разновидни цртежи, графофолии, фотографии, видео и ТВ филмови за ризиците и последиците од туберкулозата.<br>- Користење дополнителни извори на информации (литература, помош од експерт, Интернет).<br>Акција<br>- Изработување на план за активноста (содржина, цели, задолженија, рокови).<br>- Анкетирање и интервјуирање на учениците за информираноста за превентивните мерки од туберкулозата (на пример: опфатот со вакцинација, ревакцинација, снимања и др.).<br>- Обработка на резултатите и изработка на приказ за презентација.<br>- Презентирање на резултатите од истражувањето.<br>- Изработка на информативно пано, ѕиден информатор, флаери, брошури за превенција од туберкулозата.<br>- Разговори за идеи за продолжување на истражувањето/акцијата. |

| ПРЕВЕНЦИЈА ОД БОЛЕСТИТЕ НА ЗАВИСНОСТ | | | |
|---|---|---|---|
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| Ученикот/ученичката:<br>- да ги знае последиците од консумирање тутун, алкохол и други дроги по себе и по другите;<br>- да умее да ги проценува ризиците по здравјето во случај на употреба на тутун, алкохол и други дроги;<br>- да може да ги препознае околностите и факторите кои поттикнуваат на пушење, пиење алкохол и консумирање на други дроги;<br>- да ја сфаќа потребата од активно спротиставување (лично и колективно) на користењето дроги (учество во кампањи, проекти);<br>- да ја разбере важноста на превентивното делување кон болестите на зависност. | Болести на зависност:<br>- дроги<br>- алкохол<br>- никотин<br><br>Предлог-проекти:<br><br>1. Штетно дејство на дрогите<br><br>2. Младите и пушењето цигари<br><br>3. Последици при консумирање алкохол и алкохолизам | Болести на зависност<br><br>Зависност од дроги<br><br>Симптоми од консумација на дроги<br><br>Алкохолизам<br>Зависност од тутун<br><br>Превентивни мерки<br><br>Лекување од болести на зависност | Истражување на болест на зависност по избор на учениците<br>- Изработување план за истражувањето (избор на проект, методи и постапки, задолженија, рокови, соработка и помош од институции и стручни лица што се занимаваат со оваа проблематика).<br>- Консултирање на литература и истражувања од областа.<br>- Поставување на истражувачки прашања.<br>- Избор на ресурси и методи за истражување.<br>- Спроведување на истражување.<br>- Обработка на податоци од истражување.<br>- Презентирање на податоците од истражување.<br>- Разговори за идеи за продолжување на истражувањето/акцијата.<br><br>Акција<br>- Определување на цел за акцијата.<br>- Правење план за акција.<br>- Спроведување на акцијата. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | Изработка на информативно пано, ѕиден информатор, флаери, брошури за превенција од истражуваната болест на зависност.<br>- Дискусија и вреднување на промените, можностите и патиштата за превенција. |

## 4. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Активностите во рамките на наставниот предмет *унапредување на здравјето* се во врска со содржини од оделелни наставни предмети, меѓутоа само тие можат да обезбедат систематски вовед на учениците во содржините и начините на нивното вклучување во унапредувањето на здравјето и хуманитарното ангажирање и можат да ги поврзат и интегрираат содржините и активностите како дел од еден поширок концепт на здравјето што подразбира:

- **интерактивни методи и форми на работа** со фокус на процесите, наместо на содржините, коишто се партиципативни и ориентирани кон ученикот форми и методи на работа;
- **автентично учество** – развивање независност ии автономност на учениците, нивна критичка свесност да се справат со комплексните влијанија во своите животи и светот пошироко на компетентен, креативен, слободен начин;
- **демократска организација и раководење** – учество на учениците во донесувањето процедури, стратегии и одлуки за учество во училишниот живот, транспарентност на правилата за однесување и информациите на училишно ниво и ангажирање во локалната и пошироката заедница;
- **соработка и поврзување** – да се разгледуваат училишните структури на ниво на цело училиште, да се соработува со локалната задница, со други училишта, со организации (владини и невладини) што се бават со проблеми на здравјето, животната средина и хуманитарните активности.

**Во текот на првото полугодие ученците учествуваат во работилници и дискусии водени од наставникот, се запознаваат со концептот на здравјето и унапредувањето на здравјето, а во второто полугоди сите ученици треба да учествуваат во проекти за унапредување на здравјето. Во рамките на една паралелка наставникот води најмногу два проекти со учениците или три аспекти на еден ист проект.**

- *Насоки за меѓупредметно поврзување* (интегрирано планирање, односно целно и содржинско поврзување меѓу сродни предмети и подрачја)
  Во планирањето на наставата се нагласува поврзувањето на учењето со искуството на учениците, како и меѓупредметното поврзување по однос на целите и содржините. На тој начин се постигнува подобра комплементарност со другите предмети, од една страна, и кооперативност во процесот на наставата и учењето, од друга.

- *Препораки за користење на годишниот фонд на часови* (ориентационо планирање на наставните часови по наставни теми и целини)
  Препораките за годишниот фонд на часовите се дадени како ориентација, заедно со конкретните цели и теми/содржини, што, секако, не треба да го ограничува нивното прераспределување, според потребите при реализацијата. Поинаквото користење на часовите треба да го проценува предметниот наставник според достигањата на неговите ученици, т.е. според промените во квалитетот на знаењата и способностите кои тие ги постигнуваат.

- *Наставни средства:*
  - прирачник за наставникот;
  - различни извори на учење (текстови, фотографии, археолошки извори и сл)
  - енциклопедии, речници, атласи, карти  и сл.;
  - Интернет, популарни илустрирани образовни софтвери;
  - списанија;
  - аудио-визуелни средства и други средства во зависност од предметот.

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата на учениците, се прибираат показатели за нивната активност, за нивната мотивираност за учење, за соработката со другите ученици и сл. (формативно оценување).
Оваа компонента е составен дел на планирањето на наставникот за наставата и учењето.
Во програмата се наведуваат начините на следење, проверување и оценување на постигањата на учениците во рамките на наставните теми.
Начини на проверување и оценување:

- активно учество во истражувачки проекти;
- презентација.

Други средства и постапки за следење и оценување:

- разговор/дијалог наставник-ученик, како и ученик-ученик;
- истражувачка работа (прибирање податоци за истражувачка работа).

Во текот и на крајот на годината наставникот ги следи постигањата за секој ученик одделено и го оценува со соодветна нумеричка оценка.

## 6. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА НАСТАВНИТЕ ПРОГРАМИ

Програмата во однос на просторните услови се темели на Нормативот за простор, опрема и наставни средства за деветгодишното основно училиште донесен од страна на министерот за образование и наука со Решение бр. 07-1830/1 од 28.02.2008 година.

## 7. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Наставата по наставниот предмет *унапредување на здравјето* ја изведува наставник со завршена студиска група психологија и/или наставник со завршена студиска двопредметна група: биологија – хемија, ПМФ; еднопредметна група биологија - наставна насока; ВПШ или ПА, група биологија – хемија.

## 8. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

Ученикот/ученичката:

- знае што е холистичкиот концепт на здравјето;
- прави разлика меѓу традиционалниот и хуманистичкиот приод во здравственото образование;
- умее да селектира тема за истражување, да направи план на истражувањето и да ги сумира и презентира податоците од истражувањето;
- умее да подготви проект од областа на унапредување на здравјето;
- може да препознае потреба за хуманитарно ангажирање во заедницата;
- соработува и работи во тим;
- може да наведе начини за подигање на квалитетот на живеење, за унапредување на личното и социјалното здравје и здравото окружување во училиштето и во локалната заедница;
- знае како да ги користи услугите и да соработува со институциите што се занимаваат со проблеми од областа на здравјето, здравото опкружување и задоволување на потребите на разни специфични групи.

## 9. КОМИСИЈА КОЈА ЈА ПОДГОТВИ НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

1. Митко Чешларов, советник во Бирото за развој на образованието - координатаор
2. Светлана Брашнарска, советник во Бирото за развој на образованието
3. Жанета Чонтева- Скопје, координатор на проект од УНИЦЕФ
4. проф. д-р. Снежана Адамчевска, Филозофски факултет-Институт за педагогија-Скопје-претседател
5. Ана Блажева, СУГС „Марија Кири-Склодовска” –Скопје
6. Соња Рулевска, ОУ „Наум Охридски”, с. Булачани” – Скопје

**10. РЕШЕНИЕ И ДАТУМ НА ДОНЕСУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА**

Наставната програма по *унапредување на здравјето* за шесто одделение на основното осумгодишно образование, односно за седмо, осмо или деветто одделение на основното деветгодишно образование ја донесе

Министер

_________________
**Сулејман Рушити**

на ден ____________________